**УПАТСТВО**
**за начин на вклучување во Програмата за нови домови на Хабитат Македонија**

**Принципи за селекција на семејствата**

Хабитат Македонија работи на унапредување на квалитетот на животот на семејства со ниски приходи преку обезбедување едноставни, пристојни и достапни домови.

Во согласност со принципите на Habitat for Humanity International, Хабитат Македонија ги практикува следниве темелни принципи при селекција на семејства кои стануваат сопственици на новоизградени домови:

- Идентификувана потреба: сериозни проблеми со живеалиште, неповолни животни услови или немање дом;
- Финансиска способност: минимум приходи кои ќе овозможат отплаќање на домот, во форма на поволен заем;
- Желба за партнерство: подготвеност за вклучување во програмите на Хабитат Македонија преку доброволна (волонтерска) работа.

**Критериуми за селекција на партнер-семејства**

Членовите на семејствата заинтересирани да се вклучат во програмата треба да се државјани на Република Македонија и жители на општина Велес. Семејствата се селектираат според два основни критериума:

1. Просечниот приход по член на семејството за последните 12 месеци да биде најмногу 75% од просечниот годишен Бруто национален приход (БНП) по жител во Македонија. Референтен износ на годишниот БНП по жител во Македонија за оваа селекција изнесува 246.675,00 денари.

   Во случај повеќе семејства да ги исполнуваат условите, предност им се дава на семејствата кои живеат во:
   - Супстандардни простори (таван, визба),
   - Места во кои нема услови за здрав живот (влага и сл.),
   - Места кои не се безбедни (објекти кај кои постои опасност од рушење).

   Истовремено, Хабитат Македонија нема да влезе во партнерски однос со семејства кои:
   - Поседуваат имот, вклучувајќи го домот во кој живеат, кој е проценет на вредност поголема од 36 просечни месечни примања на семејството во последните 12 месеци;
   - Имаат продадено или подариле недвижен имот во последните 3 години, со вредност поголема од 36 просечни месечни примања на семејството во последните 12 месеци;
   - Поседуваат сметки во банки на кои имаат износ поголем од 36 просечни месечни примања на сите членови на семејството во последните 12 месеци;
   - Имаат долгови кон државата, некоја банка или други кредитни институции, кои ја поминуваат границата од 60 просечни месечни примања на семејството во последните 12 месеци;
   - Во било која фаза од постапката за селекција доставиле невистинити податоци.

**Процес на селекција на семејството**

Процесот на селекцијата на семејството се состои од наредните фази:

1. Информирање на заинтересираните семејствата за принципите и критериумите на Habitat for Humanity и дистрибуција на Обрасци за пријавување;
2. Прегледување на пријавите и прва селекција на семејства кои ги исполнуваат критериумите и чии што домови треба да се посетат;
3. Посета на селектираните семејства;
4. Средби организирани од Хабитат Македонија со што се испитува волјата на семејствата да се следат принципите на Habitat for Humanity;
5. Втора селекција на семејствата;
6. Одработување потребен број волонтерски часови од селектираните семејства;
7. Известување за конечен избор за партнер-семејство на Хабитат Македонија.

**Методи за проценка на семејствата**

Селекцијата и рангирањето на семејствата се формира според методологија која се заснова на бодување на наредните документи:

- Образецот за пријавување;
- Образецот за посета на домовите;
- Образецот за евиденција на волонтерските часови со регистрирана доброволна работа на селектираните семејства.

**Процедура за пријавување**

По објавувањето на информацијата за пријавување се одржува презентација пред заинтересираните семејства за визијата, целите и принципите на работата на Habitat for Humanity и Хабитат Македонија. Презентацијата содржи информации за процесот на пријавување и селекција како и технички карактеристики на домовите на Хабитат Македонија, вклучувајќи ги и финансиските услови за нивна отплата.

Најдоцна до 30 ноември 2015 година до 16.00 часот сите заинтересирани семејства во канцеларијата на Хабитат Македонија во Велес, или по пошта во канцеларијата на Хабитат Македонија во Скопје треба да ги достават следниве документи во затворен плик:

1. Образец за пријавување (непотпишан, со внесен петоцифрениот број за идентификација – лозинка);
2. Податоци за носителот на пријавата за партнер-семејство;
3. Изјава за веродостојност на податоците наведени во Образецот за пријавување, заверена на нотар.

**Документите бр. 2 Податоци за носителот на пријавата за партнер-семејство и бр. 3 Изјава за веродостојност на податоците наведени во Образецот за пријавување треба да бидат затворени во еден плик и заедно со документот бр. 1 Образец за пријавување се затвараат во друг плик, на кој треба да се напише петоцифрениот број за идентификација (лозинка), идентичен на бројот внесен во Образецот за пријавување!**

Документите се предаваат во канцеларијата на Хабитат Македонија во Велес, на адреса:
**Хабитат Македонија – Канцеларија Велес**
ул. Невена Георгиева Дуња бр. 4А, стан бр. 1
1400 Велес

Или, во канцеларијата на Хабитат Македонија во Скопје, на адреса:
**Хабитат Македонија – Канцеларија Скопје**
ул. Никола Парапунов 41, комплекс Макотекс 1 кат
П.ФАХ 407,
1000 Скопје

**Во предвид ќе бидат земени само документите кои се доставени во рокот во канцеларијата во Велес или во рокот се пратени по пошта до канцеларијата во Скопје.**

Семејствата кои ќе ја поминат првата селекција во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето ќе бидат писмено повикани задолжително да поднесат:

1. Уверение за државјанство за носителот на пријавата;
2. Уверение за жителство за носителот на пријавата;
3. Копија од лична карта од полнолентните членовите на семејството;
4. M1/M2 образец за сите членови на семејството кои се во работен однос;
5. Документ/извод од банка за примања на трансакциска сметка во последните 12 месеци за секој член на семејството/заедничкото домаќинство што има приходи;
6. Документ/потврда од банка за состојба на трансакциски сметки/штедни книшки за секој член на семејството/заедничкото домаќинство што поседува влог поголем од 10.000 денари (или соодветен еквивалент во странска валута);
7. Документ/потврда од Одделение за катастар на недвижности за поседување/непоседување недвижен имот, за секој полнолетен член на семејството/заедничкото домаќинство;
8. Документ/потврда за износот на задолжување на семејството кон Државата, банка или друга кредитна институција

Одборот за избор на семејства може, покрај горенаведените документи да побара и други дополнителни документи.

Податоците во документите (1-8) не смеат да се разликуваат од податоците наведени во претходно поднесениот Образец за пријавување!

По поднесувањето на документите Одборот за избор на семејства прави распоред за посета на домовите на семејствата. По извршената посета Хабитат Македонија може да побара и други дополнителни документи.

**Посета на домовите**

Комисијата која ги посетува домовите на првично селектираните семејства е сочинета од:

- Член од Одборот за избор на семејства;
- Член на Извршната канцеларија на Хабитат Македонија;
- Претставник од локалната заедница.

По посетата на домовите, Одборот за избор на семејства прави сумирање на резултатите од извршените посети и врз основа на консолидираните податоци прави втора селекција на семејствата.

**Процедура за волонтирање**

Селектираните семејства во вториот круг треба да вложат задолжителен 400 часовна доброволна (волонтерска) работа, која вклучува:

- Часови за обука со посебна програма;
- Помагање во канцеларија;
- Работа на градилиште до крајот на изградбата.

Доброволната (волонтерска) работа се евидентира во Образец за евиденција на волонтерската работа. Ако некое семејство не успее да ги одработи потребните часови без објаснета причина тогаш тоа се исклучува од програмата.

**Известување за конечен избор**

Семејствата селектирани во вториот круг добиваат известување за конечен избор по исполнувањето на доброволната (волонтерска) работа.